# ПРИЛЕП НИЗ СТАРИ ФОТОГРАФИИ

2 декември , во 19 часот, во галеријата од ЦК,, Марко Цепенков,, во Прилеп, се отвори и зложба на фотографии на тема,, Прилеп низ стари фотографии,,. Автор на изложбата е историчарот Рубинчо Белчески од Завод и Музеј - Прилеп.
На изложбата се претставени 30 фотографии кои се од збирките на Музејот, Архивот на Македонија и Музејот на Македонија.
Изложбата ја отвори Роберт Јанкулоски, а
е во рамките на соработката меѓу двете културни институции.
На фотографиите Прилеп е овековечен од 19 век па се до 60 години на 20 век.
Најстарата фотографија датира од 1888 година. Била објавена во книгата,, Макеоднија и Стара Србија,, на историчарот, писател, дипломат и астроном Спиридон Гопчевиќ. Автори на фотографиите биле сите оние кои намерно или ненамерно, нас, но и идните генерации преку,, замрзнатите,, моменти не потсетуваат на убавините не едно време- вели авторот Белчески.
На фотографиите се овековечени се објекти, културно историски споменици, манастири, установи, предели...

{gallery}prilep{/gallery}